Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Правилник за за субвенционирање на млади лица од Општина Василево за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија**

Се објавува Правилникот за субвенционирање на млади лица од Општина Василево за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија, донесен на Седницата на Советот на Општина Василево, одржана на ден 01.07.2024 година.

08-805/2 Општина Василево
03.07.2024 Градоначалник
година Славе Андонов
----------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Василево бр. 12/20), Советот на општина Василево на својата редовна седница, одржана на ден 01.07.2024 година го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**

**за субвенционирање на млади лица од Општина Василево за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија**

**Член 1**

Со овој Правилник се одредуваат критериумите, условите и постапката за субвенционирање на млади лица од Општина Василево за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија.

**Член 2**

Право на субвенционирање, согласно одредбите од овој Правилник можат да остварат само млади лица кои што се жители на Општина Василево и се родени 2006 година, односно кои во 2024 година полнат 18 години.

Субвенционирањето ќе биде на следниот начин:

- младите лица ќе добијат 50% од износот кој се наплатува за посетување на обука за теоретски и практичен дел;

Ќе се земат во предвид само оние лица кои уплатиле за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање за возачка дозвола само во оние авто школи кои имаат склучено Договор со општина Василево. Уплатата треба да биде според минимална цена за обука во Правилникот за минимална цена за оспособување на возачи во авто школа за следење на обуки од теоретскиот и практичниот дел на кандидатите за возачи за Б категорија, согласно минималните пресметани елементи на вредност.

Средствата за субвенциите се планирани од Буџетот на Општина Василево за 2024 година.

**Член 3**

Распределбата на средствата за субвенционирање ќе се врши врз основа на јавен повик, кој ќе биде објавен од страна на Општина Василево на огласната табла на општината, на интернет страницата на Општина Василево и на официјалната мрежа т.е. фан страната на Градоначалникот на Општина Василево.

Рокот за пријавување по јавниот повик ќе биде до 31.12.2024 година.

Начинот, рокот и поблиските критериуми за пријавување ќе бидат определени во јавниот повик.

Распределбата на средствата ќе се врши врз основа на уредна и комплетна документација.

**Член 4**

Општина Василево ќе објави и Јавен оглас за избор на авто школи за обука на кандидати за теоретски и практичен дел кај млади лица од Општина Василево.

**Член 5**

За спроведување на постапката по јавниот повик, градоначалникот на Општина Василево формира комисија составена од пет членови, од кои три членови од вработените во општинската администрација и два членови од членовите на Советот на Општина Василево.

Градоначалникот на Општина Василево, врз основа на листата од ставот 2 на овој член, донесува решение за субенционирање на прифатливиот број на баратели, по што конечната листа со добитници на субвенции се објавува на интернет страницата на Општина Василево.

**Член 6**

Постапката за субвенционирање се поведува со поднесување на писмено барање со приложена документација од страна на младото лице кое е жител на Општина Василево за

посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија, во Архивата на Општина Василево.

Со поднесувањето на барањето подносителот потпишува согласност за користење на неговите лични податоци, потребни во постапката за субвенционирање.

Потребна документација за остварување на правото на субвенционирање на млади лица за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија се:

- Барање за остварување на правото на субвенционирање;

- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;

- Фотокопија од трансакциска сметка;

- Оригинална фискална сметка за извршена уплата за теоретска и практична обука во автошколата;

**Член 7**

Начинот на користење на субвенцијата е со рефундирање на направените трошоци за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија, на трансакциската сметка на добитникот на субвенцијата.

Доколку барателот на субвенцијата бара рефундирање на направените трошоци за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија, треба да достави барање кон кое треба да приложи фискална сметка за извршеното плаќање и копија од трансакциската сметка на која бара да биде извршено рефундирањето на средствата.

**Член 8**

Постапката за субвенционирање се поведува со поднесување на писмено барање со приложена документација од страна на младото лице кое е жител на Општина Василево за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија, во Архивата на Општина Василево.

Со поднесувањето на барањето подносителот потпишува согласност за користење на неговите лични податоци, потребни во постапката за субвенционирање.

Потребна документација за остварување на правото на субвенционирање на млади лица за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија се:

- Барање за остварување на правото на субвенционирање;

- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;

- Оригинална фискална сметка за извршена уплата за теоретска и практична обука во автошколата;

**Член 9**

Надзор на целата постапка ќе врши Раководителот на одделението за комунални работи и уредување на градежно земјиште во Општина Василево.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општината Василево“.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 08-805/1<br>година | Совет на Општина<br>претседател<br>Ристо Делијанов | 03.07.2024 | Василево |